Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-271/14

05-12-2024 Година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-271 од 27.02.2024 поднесена од [redacted] од Битола против ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"- Битола за сторена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во областа на работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 7.11.2024 го донесе следново

МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на личен и општествен статус во област на работа и работни односи од страна на ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"- Битола врз [redacted] од Битола.

Образложение

На 27.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 0801-271 од 27.01.2024 од страна на подносителката [redacted] за сторена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во област на работа и работни односи од страна на ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"- Битола.

Подносителката на претставка смета дека е дискриминирана бидејќи по спроведен јавен оглас за вработување во општинско средно медицинско училиште ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"- Битола била одбиена за работно место демонстратор во образовниот профил физиотерапевтски техничар по број на оглас 1992782 по точка 12 објавен во два дневни весници и тоа Слободен печат и Лајм на 19.12.2023. Во претставката е наведено дека огласот е објавен за времетраење на важечки работен однос кој го имала на истата позиција и извршувала работни задачи 3(три) месеци. Подносителката истакнува дека на позицијата е назначен новиот кандидат [redacted] за кој смета дека според постапката во која е направен изборот на наведениот кандидат и самата одлука се спротивни на закон и направени се низа пропусти и незаконитости. Смета дека пости конфликт на интереси со оглед да мајката на кандидатот кој е избран е член на Управниот одбор и постои јасна намера да се фаворизира и вработи син на член на Управен одбор. Подносителката смета дека неправилности се направени во однос на тоа да во огласот не е наведен кој е критериумот за избор на кандидат за вработување, кој има предност при вработување итн. Подносителката исто така наведува дека воопшто не била повикана на интервју по огласот и затоа смета дека врз нејзе е направена дискриминација и нејасно е зошто на кандидатот му е дадена предност за вработување кога во случајот таа веќе имала засновано работен однос на позицијата од огласот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 26, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 08.03.2024 година

испрати Барање за произнесување по наводите од претставката до ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"- Битола.
На 25.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 271/5 ОСМУ "Д-р Јован Калаузи"- Битола. Во поднесокот не известуваат дека мајката на [redacted] била член на Училишниот одбор за време на изборот на кандидатот меѓутоа не известуваат дека Училишниот одбор нема законски основ да учествува во изборот на не наставни места. Известуваат дека изборот на кандидат за работно место демонстратор во образовниот профил физиотерапевтски техничар е извршен со одлука на директорот на училиштето врз основа на одредбите од Закон за вработени во јавниот сектор, Законот за работни односи и Колективниот договор за средно образование.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по разгледувањето на наводите од претставката, доказите кон претставката, поднесоците за произнесување на потенцијалниот дискриминатор и важечката законска регулатива, го утврди следното:

ОСМУ Др. "Јован Калаузи„-Битола има добиено согласност бр.13—12185/6 од 12.12.2023 година од МОН за распишување на јавен оглас за вработување на 15 работници, во кое спаѓа и работното место демонстратор во образовен профил-физиотерапевтски техничар. На ден 15.12.2023 година училиштето донело Одлука бр. 04-397/1 од 15.12.2023 година за потреба за засновање на работен однос на определено време за учебната 2023/202 година, со објавување на јавен оглас, во кое ова работно место е наведено во точка 12.

Врз основа на донесената Одлука за потреба од работници, училиштето објавило јавен оглас бр. 04-398/1 од 15.12.2023 година, во два дневни весници "Слободен печат "и "Лајме" на 19.12.2023 година. Огласот ги исполнува условите по член 22 и 23 од Закон за работни односи.

За работно место демонстратор во образовен профил-физиотерапевтски техничар, се пријавиле двајца кандидати и тоа подносителката на претставка [redacted]. Согласно одредбата од член 59- ст.2 алинеја 11 од Законот за средно образование, ова работно место припаѓа на категоријата "Ј"-дури даватели на услуги. Па оттука вработувањето, определувањето на приправнички стаж и назначување на ментор на лица вработени на работно место "соработник во практична настава-демонстратор" е уредено со Законот за вработување во јавниот сектор, Законот за работни односи и колективни договори, а не е уредено со ЗСО.

По завршувањето на огласната постапка, директорката на училиштето донела Одлука бр. 4-420/14 од 27.12.2023, со која работното место број 12 од јавниот оглас во двата весници, демонстратор во образовниот профил-физиотерапевтски техничар со полно работно време, на определено време до 31.08.2024 година е избран [redacted]

По однос на наводите во претставката дека во огласот не била наведена основата на кои критериуми е извршен изборот, односно не било наведено по кој параметар е избран најдобриот кандидат и дека подносителката имала предност од причина што истата работела на позицијата три месеци по основ на итни и


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

неодложни работи, Комисијата констатира дека огласот е објавен врз основа на одредбите од Законот за работни односи и Законот за вработени во јавниот сектор, како и Нормативот за наставен и ненаставен кадар во МОН. Во наведените прописи не се предвидени критериумите за избор на кандидат ниту пак право на предност при изборот. Па оттука Комисијата смета дека наводите дека при изборот направени се низа пропусти и незаконитости, се неосновани.

По однос на наводите дека подносителката на претставка не била повикана на интервју или на тестирање на способноста за извршување на работните задачи, од приложената документација, Комисијата констатира дека Државен инспекторат за труд констатирал неправилности. Односно, во член 10 од КД за средно образование на РСМ е наведено дека проверка на способности за вршење на работите на определено работно место врши работодавачот, односно тело што тој го овластил и тоа со аудиција тестирање, разговори и сл. Во конкретниот случај, не е постапено по наведената одредба, не биле повикани на тестирање и сл. што претставува повреда на материјалниот закон. Меѓутоа, согласно надлежностите на Комиисјата и дефиницијата за дискриминација која што согласно член 6 значи дека секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за резултат спречување, ограничување, признавање, уважување или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други, Комисијата не може да утврди дискриминација.

По однос на наводите во претставката дека огласот е објавен за времетраење на важечки работен однос кој го имала на истата позиција и извршувала работни задачи 3(три) месеци, Комисијата констатира дека подносителката не била во работен однос за време на објавувањето на огласот. Од приложените документи се утврди дека подносителката потпишала договор на определено време на 13.09.2023 година во времетраење од 3 месеци, додека пак огласот за работно место е објавен на 19.12.2023 година.

Поради вака утврдената фактичка состојба, нееднаков третман и повреда на право кон подносителката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека не се исполнети елементите за дискриминација, предвидени со **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Заради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Поради повреда на член 10 од КД за средно образование на РСМ, Комисијата упатува на можноста за поведување на прекршочна постапка пред граѓански суд заради непостапување по наведената одредба односно неповикување на аудиција, тестирање, разговори и сл. што претставува повреда на материјалниот закон но не и основ за дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзаровски

[redacted]

Архива на КСЗД